ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 13-116/19**

**Дата:** 04.12.2012

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за одбрана на сметката на буџетот на донации (785) за 2011 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Не е вршена ревизија за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

За финансиските извештаи на Министерство за одбрана за 2011 година изразивме позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, мислење со резерва за билансот на приходи и расходи и негативно мислење за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со извршената ревизијата на финансиските извештаи на сметката на буџетот на донации на Министерството за одбрана за 2011 година констатирано е дека:

- За дел од донациите не се презентирани склучени договори меѓу Министерството за одбрана и донаторот;
- Министерството за одбрана не ги известило Министерството за финансии и органот надлежен за евроинтеграции за одобрените донации и за износите кои ќе ги користи во текот на месецот, тековната и наредните фискални години;
- За дел од донираните средства при нивната реализација констатирани се одредени неправилности кои се однесуваат на: исплата на дел од средствата без веродостојна, уредна и комплетна документација, неосновано користење средства од друга донација и ненавремено доставување на документацијата со која се правдаат дозначените средства, поради што нивното евидентирање не е навремено, ажурно и хронолошки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 7 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на буџетот на донации (785) на Министерство за одбрана, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2011 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на сметката на буџетот на донации (785) на Министерство за одбрана за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

-Зоран Коњановски – министер до 28.07.2011 година;

-Фатмир Бесими – министер од 28.07.2011 година[1];

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Министерство за одбрана се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

[1] Министерот Фатмир Бесими е овластен потписник од 03.11.2011 година

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05/03/2012 до 31/07/2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерство за одбрана–предмет на ревизија, одржан на ден 10 септември 2012 година.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Во 2011 година на сметката на буџетот на донации евидентирани се приходи од донации во вкупен износ од 24.222 илјади денари од повеќе донатори.

За дел од донациите во износ од 7.027 илјади денари, на ревизијата не и беа презентирани склучени договори помеѓу Министерството за одбрана и соодветните донатори, со кои би се регулирале меѓусебните права и обврски вклучувајќи го видот, износот, намената, времетраењето и начинот на користење на донацијата. Поради тоа, ревизијата не беше во можност за дел од донациите да ја потврди целосноста на одобрениот износ и неговата намена.

Исто така, одговорните лица во Министерството за одбрана не го известиле Министерството за финансии и органот надлежен за евроинтеграции за висината на сите добиени донации и износите кои ќе се користат во тековната и наредните фискални години и до Министерството за финансии не доставиле податоци на месечна основа за користењето на средствата од донациите.

Оваа состојба не е во согласност со одредбите Законот за буџети според кој буџетот на донациите треба да се користи строго наменски и согласно со договорот склучен со донаторот и претставува можен ризик од ненавремено и ненаменско трошење на средствата добиени од донаторите.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да преземат активности за регулирање на секоја донација преку склучување на договор со донаторот, во кој детално би се прецизирал видот, износот, намената, временскиот период за кој се однесува донацијата, како и правата и обврските на договорните страни.

За износите од донацијата кои ќе се користат во тековната и наредните фискални години и податоци на месечна основа задолжително да се доставуваат до Министерството за финансии и до органот надлежен за евроинтергации.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

3.2.1. На позициите Договорни услуги и Разни трансфери евидентирани се расходи во вкупен износ од 1.520 илјади денари, кои се однесуваат на исплатени средства поврзани со престојот на едно вработено лице ангажирано на воена мисија во странство. Средствата за оваа цел се донирани од донаторот, врз основа на Програмата за воено билатерална соработка. При увид во деловните книги ревизијата ја утврди следната состојба:

- Програмата за воено билатерална соработка потекнува од 2009 година, а се однесува и за 2010 година, при што на ревизијата не и беше презентиран склучен договор помеѓу министерството и донаторот со кој оваа соработка се продолжува и во 2011 година;
- Не е склучен технички аранжман помеѓу ПОС Тренинг Центарот од Сараево и Министерство за одбрана, за детално утврдување на намената на донираните средства, која обврска е предвидена согласно Програмата за воено билатерална соработка;
- Извршени се исплати во износ од 476 илјади денари, со што е надминат износот на донираните средства од еден донатор, а повеќе исплатените средства се потрошени од средства добиени по основ на друга донација. Овие средства во февруари 2012 се надоместени од страна на донаторот;
- Исплатата на дел од средствата е вршена без постоење на веродостојна, уредна и комплетна документација и
- Утврдено е ненавремено изготвување и доставување на документацијата со која се правдаат дозначените средства, поради што нивното евидентирање не е навремено, ажурно и хронолошки.

Наведената состојба упатува на тоа дека не се доследно почитувани членовите 2 и 12 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и членовите 12 и 14 од Правилникот за сметководство на буџет и буџетските корисници и истото претставува ризик од можна злоупотреба на средствата и ненаменско и незаконско користење на истите.

**Препорака**

Одговорните лица во Министерството за одбрана да преземат мерки исплатата на средствата од примените донации да се врши само врз основа на навремена, веродостојна, уредна и комплетна документација, согласно склучените договори со донаторите.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.1 и 3.2. е:

- за дел од донациите не се презентирани склучени договори меѓу Министерството за одбрана и донаторот;
- Министерството за одбрана не ги известило Министерството за финансии и органот надлежен за евроинтеграции за одобрените донации и за износите кои ќе ги користи во текот на месецот, тековната и наредните фискални години;
- нерегуларности во однос на користењето на дел од донираните средства.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансискиот извештај – биланс на состојба ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерство за одбрана на ден 31 декември 2011 година.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањето изнесено во точката 3.2. финансискиот извештај - биланс на приходи и расходи за 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, се реално и објективно искажани во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1., активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за одбрана, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 03/12/2012 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 24,222 | 23,987 |
| **Вкупно приходи** | **24,222** | **23,987** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 2,885 | 2,368 |
| Субвенции и трансфери | 14,866 | 18,605 |
| **Вкупно тековни расходи** | **17,751** | **20,973** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1,943 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1,943** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **19,694** | **20,973** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **4,528** | **3,014** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 4,529 | 3,283 |
| **Вкупно тековни средства** | **4,529** | **3,283** |
| **Вкупна актива** | **4,529** | **3,283** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4,529 | 3,283 |
| **Вкупно тековни обврски** | **4,529** | **3,283** |
| **Вкупна пасива** | **4,529** | **3,283** |